Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет - Штип

Меѓународна научна конференција

25-26 мај 2023

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## „СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА АЦО ШОПОВ“

www.ff.ugd.edu.mk



**Proceedings of the International Scientific Conference**

**100th Anniversary of the Birth of Aco Šopov**

**Faculty of Philology – Stip**

**May 25-26, 2023**




Stip, 2023

**За издавачот:**
проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска

**Издавачки совет:**
Проф. д-р Дејан Мираковски
Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска
Проф. д-р Светлана Јакимовска
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Главен уредник:**
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Одговорен уредник:**
доц. д-р Надица Негриевска

**Лектор на македонски јазик:**
м-р Лилјана Јовановска

**Јазично уредување на англиски јазик:**
доц. д-р Натка јанкова Алаѓозовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

**Печати:**
Печатница „2 Август" - Штип

**Тираж**:
100

**About the Publisher:**
Prof. Lusi Karanikolova-Čočorovska, PhD

**Editorial Council:**
Prof. Dejan Mirakovski, PhD
Prof. Liljana Koleva-Gudeva, PhD
Prof. Lusi Karanikolova-Čočorovska, PhD
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Editor-in-Chief:**
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Managing Editor:**
Prof. Nadica Negrievska, PhD

**Language Editor in Macedonian Language:**
Liljana Jovanovska, MA

**Language Editor in English Language:**
Natka Jankova Alagjozovska, PhD

**Technical Editor:**
Slave Dimitrov

**Publisher:**
Goce Delcev University, Stip

**Printing Office:**
„August 2nd" - Stip

**Number of copies**:
100

**Претседател на организациски одбор:**
Проф. д-р Светлана Јакимовска (Филолошки факултет УГД-Штип)

**Членови на организациски одбор:**
проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Махмут Челик (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Јованка Денкова (Филолошки факултет УГД-Штип)
доц. д-р Весна Кожинкова (Филолошки факултет УГД-Штип)
доц. д-р Надица Негриевска (Филолошки факултет УГД-Штип)
доц. д-р Марија Гркова-Беадер (Филолошки факултет УГД-Штип)
м-р Марица Тасевска (Филолошки факултет УГД-Штип)
м-р Адријана Хаџи-Николова (Филолошки факултет УГД-Штип)
м-р Марија Тодорова (Филолошки факултет УГД-Штип)

**Меѓународен научен одбор:**
проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Светлана Јакимовска (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Махмут Челик (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Јованка Денкова (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Весна Кожинкова (Филолошки факултет УГД-Штип)
доц. д-р Надица Негриевска (Филолошки факултет УГД-Штип)
проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска (Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ, Скопје)
проф. д-р Елка Јачева-Улчар (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", УКИМ, Скопје
проф. д-р Наташа Аврамовска, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје;
д-р Емил Ниами (Рускиот центар при УКИМ)
проф. д-р Ана Илиевска (Универзитет Стенфорд, САД)
проф. д-р Златко Крамариќ (Универзитет *Јосип* Јурај Штросмајер во Осиек, Хрватска)
проф. д-р Борјана Прошев-Оливер (Универзитет во Загреб, Хрватска)
проф. д-р Елена Дараданова (Универзитет во Софија, Бугарија)
проф. д-р Рајка Глушица (Универзитет на Црна Гора)
проф. д-р Татјана Ѓуришиќ-Беќановиќ (Универзитет на Црна Гора)
проф. д-р Намита Субиото (Универзитет во Љубљана, Словенија)
проф. д-р Мета Лах (Универзитет во Љубљана, Словенија)
проф. д-р Татјана Ѓурин (Универзитет во Нови Сад, Србија)

**President of the organization board:**
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)

**Organization Board members:**
Prof. Lusi Karanikolova-Čočorovska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Mahmut Čelik, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Jovanka Denkova, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Vesna Kožinkova, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Nadica Negrievska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Marija Grkova – Beader, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Marica Tasevska, MA (Faculty of Philology UGD Štip)
Adrijana Hadži-Nikolova, MA (Faculty of Philology UGD Štip)
Marija Todorva, MA (Faculty of Philology UGD Štip)

**International Scientific Board:**
Prof. Lusi Karanikolova-Čočorovska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Mahmut Čelik, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Jovanka Denkova, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Vesna Kožinkova, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Nadica Negrievska, PhD (Faculty of Philology UGD Štip)
Prof. Vesna Mojsova-Čepiševska, PhD (Faculty of Philology
"Blaže Koneski", UKIM, Skopje)
Prof. Elka Jačeva-Ulčar, PhD (Institute for Macedonian literature
"Krste Misirkov", UKIM, Skopje)
Prof. Nataša Avramovska (Institute for Macedonian literature "Krste Misirkov",
UKIM, Skopje)
dr. Emil Niami (Russian Center UKIM)
Prof. Ana Ilievska, PhD (Stanford University, USA)
Prof. Zlatko Kramarić, PhD (University of Osijek, Croatia)
Prof. Borjana Prošev-Oliver, PhD (University of Zagreb, Croatia)
Prof. Elena Daradanova, PhD (Sofia University, Bulgaria)
Prof. Rajka Glušica, PhD (University of Montenegro)
Prof. Tatjana Đurišić-Bečanović, PhD (University of Montenegro)
Prof. Namita Subioto, PhD (University of Ljubljana, Slovenia)
Prof. Meta Lah, PhD (University of Ljubljana, Slovenia)
Prof. Tatjana Đurin, PhD (University of Novi Sad, Serbia)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3-05(062)

МЕЃУНАРОДНАТА научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“
(2023 ; Штип)

Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“ Филолошки факултет - Штип 25-26 мај, 2023 / [главен уредник Ева Ѓорѓиевска ; одговорен уредник Надица Негриевска. - Штип : Универзитет “Гоце Делчев”„ 2023

Начин на пристапување (URL): https://js.ugd.edu.mk/index.php/SGRAS/. - Текст во ПДФ формат, содржи 529 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.12.2023. - Текст на мак. и англ. јазик. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-277-017-8

а) Шопов, Ацо, 1923-1982 -- Собири

COBISS.MK-ID 62551557

УДК 821.163.3.09

Стручен труд
Professional paper

# ЛИТЕРАТУРНИТЕ ГЛЕДИШТА НА АЦО ШОПОВ

**вон. проф. Ана Витанова-Рингачева,**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип,
ana.ringaceva@ugd.edu.mk
**м-р Сузана Мицева,**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип,
suzanamicev@gmail.com

**Апстракт:** Ацо Шопов, еден од поетите-фиданки што ја најавија повоената македонска поетска пролет. Четири децении по своето физичко заминување, тој сè уште е еден од најчитаните, но и најцитираните македонски поети. Покрај значајниот поетски опус, актуелни до денес се и неговите размисли, ставови и идеи за литературата, културата и уметноста воопшто. Разгледувајќи ги неговите интервјуа, есеи, куси записи, се издвојува јасната визија што тој ја имал за развојот на македонската уметност во рамките на тогашната југословенска, но и пошироко, европска и светска уметност и култура. „Креативното лутање" на Ацо Шопов ни открива поет кој ја пронашол својата поетика. Кој длабоко и суштински навлегол не само во литературата, туку низ своите книжевни размисли темелно ја анализирал и целокупната општествено-политичка ситуација што недвојбено се одразувала во секој аспект на живеењето, па и во книжевноста. Шопов се занимавал со естетиката на поезијата, но и со пораките што песната ги носи и треба да ги донесе и со економските причини кои овозможуваат или оневозможуваат издавање на македонска литература. Во овој труд ќе ги анализираме литературните гледишта на поетот изразувани во многубројните статии и интервјуа, но и низ неговата поезија.

**Клучни зборови:** *Ацо Шопов, поезија, став, литература, гледиште*

## Вовед

Посматрачницата е објект поставен на посебно, видно место, над останатите градби. Претставува стратешки, воен објект од кој се набљудува околината и таму се случуваат првите опсервации од кои се осмислуваат следните чекори. На таков набљудувачки имагинарен објект се поставува Ацо Шопов кога како филозоф, како мислител и автор се обидува во својот релативно краток животен и творечки пат, да даде еден реален, но

поттикнувачки и со оптимизам проткаен поглед за она што се случувало. Инспиративен е Шопов кој со своите размислувања и надгледувања не се иззема од групата, туку набљудува ставајќи се секогаш како член внатре. Една искреност, скоро добронамерност се гледа во исказите кои ги давал најчесто во форма на минијатури. За него Ѓурчинов ќе рече дека е човек од малку зборови, кога станува збор за поезијата, но такви се и неговите есеи, статии, интервјуа. Тој со одбрани зборови го кажува она што од него се бара, се прашува, или пак, сам од личен порив и побуда одбира да го каже. За овој труд се анализирани околу 50 есеи, статии, разговори во форма на кратки дијалози или интервјуа, па дури и белешки кои тој низ неколку децении ги оставил како пишан траг на својата творечка и културно-критичка мисла.

**Литературните гледишта на Шопов**

Уште во повоениот период, кога државата ги поставувала своите бедеми и ги устројувала основите на општественото живеење, Шопов бара да се мисли на финансиите што се издвојуваат за културата и уметноста, потенцирајќи дека само со стабилни финансии ќе се обезбеди развивање на културно-уметничките вредности (Шопов, К3 АЕ106). Од оваа забелешка се потврдува дека не е ништо ново кратењето на средствата за култура и уметност, туку добро усовршена пракса на функционирање на државите, барем на овие простори. Македонија како федеративна република, повеќе од четири децении функционирала во рамките на Југославија. За филозофите како Шопов, особено бил значаен односот што Југославија го има кон културите на земјите сојузнички, но и на секоја земја поединечно кон југословенската култура. (Шопов, К3 АЕ89). Тој имал опит не само во литературата и културата, туку и во сите предизвици и проблеми со кои се соочуваат поединците автори, уметници, културни работници и сите заедно како целина. Токму затоа истакнал дека културата се развива забрзано во повоениот период и дека тоа претставува афирмација на вистинските вредности и на македонската национална индивидуалност. А придвижувањето напред го прават токму тие, поетите – дел од нив и учесници во НОБ кои со една силна динамика почнуваат со објавување поетски збирки, сами и здружено, односно повеќе автори издаваат една збирка. И иако се градители на македонската национална култура, тој веднаш застанува и како реален судија на состојбите во кои се наоѓа македонската држава. Зборувајќи за националната вредност на културата, Шопов ќе потенцира дека „нашата национална култура не е и не може да биде оградена во национални, републички или други регионални рамки што ќе ја одделуваат од културата и културните процеси на другите југословенски народи. Она што се афирмира како национална културна вредност има и општојугословенско значење, како што и културните достигнувања на останатите југословенски народи влегуваат

во културниот фонд на нашата земја" (Шопов, К3 АЕ106). Покажувал една ширина и висока свесност за местото на Македонија во рамките на Југославија и го истакнувал наднационалното значење на културата, како цивилизациска придобивка. Во текстот „Македонската култура во југословенската култура" Шопов го разработува ова прашање, укажувајќи дека јазикот не е тој што ја прави посебна југословенската култура. „Тоа е нејзината општочовечка смисла, тоа се идеите со кои таа е надоена, како и творечката постапка во креирањето на светот на уметноста. Затоа, сосем е индиферентно на кој југословенски меридијан се создаваат определени вредности."(Шопов, К3 АЕ89).

Поезијата е централна точка во творештвото на Шопов. Се чини дека целата негова општествена активност е мотивирана токму од поезијата. Пишувајќи, вечно бил во потрага во значењето на зборовите, и низ нив, по значењето на животот. Една бескрајна игра, трагање без видлив крај е пишувањето на секоја песна, раѓањето на зборовите. „Секогаш кога ќе се соочам со потребата за поетско соопштување го чувствувам проклетството на беспомошните маки, како првпат да стојам пред песната која одеднаш делува толку блиска и моја, а сепак недосеглива, недофатлива, туѓа" (Шопов, 1963). Поетот му пристапува на пишувањето како на разговор со себе, опит на сопствените граници, па оттаму и различните размисли отелотворени во стихови:

„Во тишина
Ако носиш нешто неизречено,
нешто што те притиска и пече,
закопај го во длабока тишина,
тишината сама ќе го рече." (1955)

За тоа колку голем дел од неговиот живот претставува поезијата и литературата воопшто, јасно се исцртува во секое негово искажување за пишувањето. Впрочем, ќе рече дека песната е свет сам за себе, и доколку не успева тоа да биде, никакво повторање и поетско мајсторство не може да ја замени (Шопов, К3 АЕ74). Шопов се занимавал со естетиката на поезијата, но и со пораките што песната ги носи и треба да ги донесе и со економските причини кои овозможуваат или оневозможуваат издавање на македонска литература.

Литературните гледишта на Ацо Шопов се надградувани во текот на целиот негов творечки период. Иако ставовите на поетот и мислителот Шопов се прилично конзистентни, бидејќи тој постојано градел една иста идеја, ја развлекувал и разгледувал од различни стојалишта, но суштината била непроменлива: да се зацврсти позицијата на уметникот во општеството, да се вреднува неговиот труд следствено останатите професии, да се организираат уметниците и да се инсистира на правилно вклучување на културните сили во процесот на демократизација на културата (Шопов, К3 АЕ106). Шопов се

осврнува на вечното прашање за вреднување на интелектуалниот труд, на трудот на уметникот, културниот создавач. Во таа смисла тој ќе каже: „Во наградувањето на уметничкиот труд треба да се применува истиот принцип како и во наградувањето на трудот воопшто, со тоа што ќе се води сметка за специфичноста и карактерот на уметничкото создавање". Во време кога се поставуваат постулатите на државата, кога се одредува вредноста и специфичноста на трудот на работникот, Шопов одбира да биде гласен за проблемите на себесличните, уметниците. Уметноста, како процес кој бара огромна креација честопати се поистоветува повеќе со забава отколку со работа, дури и за тој што ја создава. Шопов се задржува на ова прашање и во својот есеј за „Идејните проблеми во односот кон културата и уметноста" каде образложува зошто не може културата да има посебна, монополистичка положба во општеството: „Заслужува и да се каже дека нерешените материјални проблеми на културата и уметноста стихијно влечат кон вакви позиции кои се сфаќаат како единствен „излез" и „пат" да се надрасне таа ситуација". Работникот како градител на општеството, Шопов го илустрира низ метафората „Рака на животот", посветувајќи посебно внимание на значењето на трудот-поединечен и заеднички во еден текст посветен на Први мај – Денот на трудот. И во најобичните и можеби честопати наменски текстови тој наоѓа начин да проговори за универзалните човечки вредности: „Таа рака не може да се мери со мерките на просторот и времето. Лежи префрлена преку сите континетни, како мост, за сите патници на мирот и пријателството ... таа го води човека кон човекот" (Шопов, К3 АЕ65). Шопов се зафаќа и со најчувствителните теми на својата генерација. Творењето под притисок на општествено-политичките случувања, но и проблемите со македонскиот јазик. Неговите записи се еден историски документ, со лична нота, но секако релевантен затоа што тој е дел од времето за кое зборува и повторно тој е ден од оние за коишто зборува. „Поетите што се објавија во војната и непосередно по неа, беа соочени со многубројни, на прв поглед нерешливи проблеми. Она скромно недообјаснето и недооценето литературно наследство, насилно прекинат континуитет како резултат на политиката да се разграба и подели македонската територија, ги исправи сите поети пред нужноста својот поетски збор да го започнат во судир со неподатливоста на зборот" (Шопов, К3 АЕ85). За него се проблематични и ставовите на културните сили во однос на демократизација на културата, делејќи ги на: аристократизам и примитивизам (Шопов, К3 АЕ108). Во неколку реченици ги лоцира најголемите замки во кои може да падне оној што протежира еден од овие два, опасни става. Со првиот, во кој културата се изолира како ексклузивна можност за одбрана група луѓе кои се занимаваат со неа или ја негуваат, се исклучуваат сите оние кои од најразлични причини ја немале привилегијата да бидат дел од тој круг, но и се прави дополнителен јаз со тоа што им се скратува можноста да се пронајдат

во неа. Вториот став, пак, во кој на некој начин го негува примитивизмот, со тоа што не може да се разграничи иновативност од бездарништво, се прави штета со тоа што и аматерството може да се „продаде" како висока култура. Од друга страна, ги смета за диксутабилни и тенденциите на авторите да се приклонат кон одредени „трендови" со желба да им се допаднат на одредени групи, публика, притоа занемарувајќи го својот автентичен творечки израз. И ваквите појави според Шопов се одраз на чудните „правила" при распределба на средствата во културата кои влијаат врз целокупниот нејзин развој. „Со тоа тој во голема мерка практично го спречува или одложува нормалниот растеж и афирмација на оние вистински таленти што ги раѓа уметноста, а што не сакаат да му се потчинат, а и да не зборуваме за тоа колку тој ги претвора во формалност демократските облици во кои треба да се развива уметничкиот и културниот живот, како и колку ги деформира самоуправните односи во областа на културата и уметноста" (Шопов, КЗАЕ75). Можноста за целосно слобода во креацијата Шопов ја потенцира како единствен начин да се издвои квалитетот од шундот и кичот.

Кога зборуваме за литературните погледи на Ацо Шопов, не мислиме нужно само на неговите ставови за литературата, туку и неговиот лиричен, речиси идеалистички поглед на приликите во кои се наоѓала македонската и југословенската култура. Шопов упатува на многу проблеми што ја следат македонската литература во повоените години кога паралелно со државата се гради и културата на Македонците во Југославија. За поетот е неоправдано префрлувањето на вината за слабата читаност на книгите врз читателите, туку уште во втората половина на дваесеттиот век тој зборува за нови современи пристапи за комуникација со читателската публика. Тој го начнува и проблемот на критиката на литературата, посочувајќи дека критиката треба да е реална, а не додворувачка, и пред сè да произлегува од читателите. „На литературата не ѝ се потребни благонаклонети тапкања по рамо и миленички симпатии"(Шопов, КЗ АЕ48). Токму овој цитат на Шопов треба да биде поттик за размисла и за она што денеска го живееме во однос на македонската современа литературна продукција и критика.

## Користена литература

[1] Шопов, Ацо, Македонската култура е органски дел на југословенската култура, Лирскиот дом на Ацо Шопов, КЗ, АЕ106, https://www.acosopov.com/wp-content/uploads/2022/10/%D0%90%D0%A8-%D0%9A3-%D0%90%D0%95106-%D0%A1%D0%BE%D1%98%D1%83%D0%B7%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D1%83%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5...-%D0%B0%D0%B2%D1%8

2%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%84-%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D1%88%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D0%BF%D0%B8%D1%81.pdf
[2] Шопов, Ацо, Македонската култура во југословенската култура, Лирскиот дом на Ацо Шопов, КЗ АЕ89, https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8/%d0%b0%d1%86%d0%be-%d1%88%d0%be%d0%bf%d0%be%d0%b2-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%ba%d1%83%d0%bb%d1%82%d1%83%d1%80%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d1%98%d1%83%d0%b3?lang=mk
[3] Шопов, Ацо, Културните сили во стегите на аристократизмот и примитивизмот, Лирскиот дом на Ацо Шопов,КЗАЕ108 https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8/%d0%b0%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%be%d0%ba%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d0%bc-%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d0%bc%d0%b8%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d0%bc?lang=mk
[4] Шопов, Ацо, Рака на животот, Лирскиот дом на Ацо Шопов, КЗ АЕ65 https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE%D1%82?lang=mk
[5] Шопов, Ацо, Поезијата, мојата животна страст, 1963, Лирскиот дом на Ацо Шопов, https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8/%d0%b0%d1%86%d0%be-%d1%88%d0%be%d0%bf%d0%be%d0%b2-%d0%bf%d0%be%d0%b5%d0%b7%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bc%d0%be%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b6%d0%b8%d0%b2%d0%be%d1%82%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82?lang=mk
[6] Шопов, Ацо, Слеј се со тишината, 1955, Скопје, Кочо Рацин, https://www.acosopov.com/wp-content/uploads/2016/10/slej-se-so-tisinata-PDF.pdf
[7] Шопов, Ацо, Од сите патишта најтежок е патот до човека, Лирскиот дом на Шопов, https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8/%d0%bd%d0%b0%d1%98%d1%82%d0%b5%d0%b6%d0%be%d0%ba-%d0%b5-%d0%bf%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%82-%d0%b4%d0%be-%d1%87%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%ba%d0%b0?lang=mk
[8] Шопов, Ацо, За драстичните негации на слободата на уметничкото творештво, Лирскиот дом на Ацо Шопов, КЗАЕ75 https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%

80%d0%b8/%d1%81%d0%bb%d0%be%d0%b1%d0%be%d0%b4%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%83%d0%bc%d0%b5%d1%82%d0%bd%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%be-%d1%82%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b2%d0%be?lang=mk

[9] Шопов, Ацо, Песната за мене е еден начин на живеење и доживување на светот, Лирскиот дом на Ацо Шопов, К3АЕ85 https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8/%d0%bf%d0%b5%d1%81%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b5%d0%b4%d0%b5%d0%bd-%d0%bd%d0%b0%d1%87%d0%b8%d0%bd-%d0%bd%d0%b0-%d0%b6%d0%b8%d0%b2%d0%b5%d0%b5%d1%9a%d0%b5?lang=mk

[10] Шопов, Ацо, Современата македонска литература, Лирскиот дом на Ацо Шопов, К3 АЕ 48 https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8/%d0%b0%d1%86%d0%be-%d1%88%d0%be%d0%bf%d0%be%d0%b2-%d1%81%d0%be%d0%b2%d1%80%d0%b5%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d0%bb%d0%b8%d1%82?lang=mk

## LITERATURE ASPECTS OF ACO ŠOPOV

**Ana Vitanova-Ringačeva, Suzana Miceva**
Goce Delcev University, Stip

**Abstract**

Aco Šopov, one of the young poets who announced the post-war Macedonian poetic spring. Four decades after his physical death, he is still one of the most read and quoted Macedonian poets. In addition to his significant poetic oeuvre, his thoughts, attitudes and ideas about literature, culture and art in general are still relevant today. Examining his interviews, essays, short writings, the clear vision he had for the development of Macedonian art within the framework of the then Yugoslav, but also more widely, European and world art and culture stands out. "Creative Wandering" by Aco Šopov reveals to us a poet who found his poetics, who deeply and fundamentally penetrated not only into literature, but through his literary thoughts thoroughly analyzed the entire socio-political situation that was undoubtedly reflected in every aspect of life, including in literature. Šopov dealt with the aesthetics of poetry, but also with the messages that the poem brings and should bring, and with the economic reasons that make it possible or impossible to publish Macedonian literature. In this paper we will analyze the literary views of the poet expressed in numerous articles and interviews, but also through his poetry.

**Keywords:** *Aco Šopov, poetry, attitude, literature, point of view.*

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ**

**МЕЃУНАРОДНАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**

**„СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА АЦО ШОПОВ“**

ISBN 978-608-277-016-1

**2023**